Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ/НАСЛОВЕН ВОНДРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2002-304/26 од 23.09.2026 година донесена на 364та седница на наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки , одржана на 23.09.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за насловно звање насловен доцент / насловен вонреден професор за наставно-научна област Семејна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот/ците „Слободен печат” и Коха од 05.09.2026 година и во предвидениот рок се пријави

Д-р Драган Ѓорѓиевски доктор на медицински науки, научна област семејна медицина, вработен во ПЗУ Д-р Драган Ѓорѓиевски од Скопје

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на наставно - научниот совет на Факултетот за Медицински науки да му го поднесеме следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Кандидатот д-р Драган Ѓорѓиевски е роден на 03.08.1988 година во Скопје Средно образование завршил во 2007 година во гимназијата ,,Орце Николов ” во Скопје со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје во 2013 година со просечен успех 8,56. По завршувањето на стручниот стаж се вработил во ПЗУ УРГЕНТА во Скопје на работно место доктор на медицина.Потоа работел во Алкалоид АД во областа на несакани реакции на лекови и интеракции. Специјалистичкиот испит од областа на семејна медицина го положил со cum laude на 04.12.2018 година и се стекнал со звање специјалист по семејна медицина и во периодот од 2018-2023 година работи како специјалист по семејна медицина во ПЗУ Д-р Светлана А.Стојкова а потоа кариерата ја продолжува во Поликлиника на Примарно ниво Света Елена .На 27.10.2025 година отвара сопствена ординација на примарно ниво каде работи до денес. Работи како ментор-едукатор во Центарот за семејна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје од 2020 година.Кандидатот активно се служи со англискиот, словенечкиот и српскиот јазик, а пасивно француски јазик. Трет циклус (Докторски студии) завршил во 2021 година со успех 9.85. На 15.06.2021 ја одбранил докторската дисертација на тема: ,,Евалуација на факторите за одвикнување од пушење преку три модели за одвикнување од пушење”. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на медицински науки -Клиничка медицина од областа на семејна медицина. Во моментот е ментор и едукатор во Центарот за семејна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Има работно искуство од 12 години како специјалист по семејна медицина со богато работно искуство како фамилијарен лекар во Примарната здравствена заштита.

Во текот на професионалната и академската кариера, кандидатот активно учествува во научноистражувачка и стручна дејност, со континуирано презентирање на резултати од истражувања, клинички прикази, стручни анализи и теми од областа на општата и семејната медицина, примарната здравствена заштита, респираторната медицина, превентивната медицина, хроничните незаразни заболувања и актуелните јавно-здравствени предизвици. Во периодот од 2016 до 2026 година, кандидатот има учествувано со бројни орални и постер-презентации на домашни и меѓународни конгреси, конференции, симпозиуми и научни состаноци.Во 2016 година, кандидатот учествувал како коавтор со постер-презентацијата „Издадени боледувања – Измени во законските одредби за намалување на санкциите на избран лекар“, објавена во Зборникот на апстракти на 4-тиот Конгрес на лекари по општа/семејна медицина на Република Македонија со меѓународно учество.Во 2017 година следувале орални презентации на меѓународно и национално ниво. Темата „When should we think about infections with M. pneumoniae?“ била презентирана на Конгресот на International Primary Care Respiratory Group (IPCRG) во Љубљана, Словенија, додека темата „Улогата на семејниот лекар во рано препознавање на деменции“ била презентирана на Симпозиумот на Здружението на лекари по општа и семејна медицина (ЗЛОМ-СМ) во октомври 2017 година.Во 2018 година, кандидатот бил коавтор на апстрактот и оралната презентација „Effectiveness of different models of smoking cessation advice for improving quit rates in Macedonia: a randomized controlled trial“, презентирана на Конгресот на International Primary Care Respiratory Group (IPCRG) во Порто, Португалија. Презентацијата била поврзана со рандомизирано контролирано истражување за ефективноста на различни модели на советување за откажување од пушење во примарната здравствена заштита.Во 2019 година, кандидатот презентирал „M. pneumoniae – приказ на случај“ на Конгресот на семејни лекари во Загреб, Хрватска, како и „Најчести причинители на пневмонија во Република Северна Македонија – мала студија“ на Конгресот на семејни лекари на Југоисточна Европа во Едрене, Турција.Во 2020 година, на Конгресот на Македонското лекарско друштво, одржан онлајн, била презентирана темата „Научните истражувања за респираторни заболувања во примарна здравствена заштита и нивното влијание во подобрување на грижата на пациентите“.Во 2021 година, кандидатот учествувал со постер-презентацијата „Пронаоѓање на нови начини за одвикнување од пушење“ на Конгресот на респираторната група во Даблин, Ирска, како и како коавтор на две орални презентации од студијата „Breathe Well“: „Фактори поврзани со претходни обиди за откажување и мотивација за откажување кај пациенти во примарната здравствена заштита кои моментално пушат во Македонија“ и „Можности за спроведување интервенции за откажување од пушење во примарната здравствена заштита“. Презентациите биле реализирани онлајн.

Во рамките на научноистражувачката активност поврзана со пандемијата на COVID-19, кандидатот учествувал како коавтор во презентацијата „Протоколи за постапување со КОВИД-19 во примарната здравствена заштита во европските земји: прелиминарни резултати од квалитативна студија“, презентирана на 94-тиот состанок на EGPRN во Истанбул.Во 2022 година, кандидатот учествувал во научните активности на EURODATA и WONCA Europe со конференцискиот труд „EURODATA: Акутен клинички

пат за вакцинирани пациенти со COVID-19 во Европа“, презентиран на 27-мата конференција на WONCA Europe во Лондон, Обединетото Кралство. Во истата година, на 95-тиот состанок на EGPRN во Антверпен, Белгија, бил презентиран конференцискиот труд „Индикатори за следење на активноста во примарната здравствена заштита за време на пандемијата на COVID-19 во 27 европски земји: студија EURODATA“.Во 2023 година, научната и стручната активност продолжила со повеќе презентации на национални и меѓународни конгреси и симпозиуми. Кандидатот презентирал „Варичела или Мајмунски сипаници – приказ на случај“ на Конгресот на семејни лекари во Загреб, Хрватска, како и како коавтор учествувал во презентацијата „Упатства за скрининг, дијагностика и водење на артериска хипертензија во примарна здравствена заштита“ на Конгресот на ЗЛОМ-СМ во Скопје.На истиот конгрес во 2023 година, кандидатот презентирал „Лимфом – како правилно и навремено да се препознае од страна на семејниот лекар за негов подобар исход“, „Ефективноста на комбинирање на повратни информации за староста на белите дробови или издишаниот јаглероден моноксид со многу краток совет и поддршка за престанок на пушење во ПЗЗ во споредба со многу краток совет“, а како коавтор учествувал во презентациите „Обезноста како проблем и превенирање на истата од страна на семејниот лекар – претставување на студија“, „Невроваскуларни постковид компликации“ и „Предиктори на гликемиска контрола на пациентите со дијабетес во Северна Македонија – резултати од лонгитудинално, проспективно кохортно мултицентрично истражување“.Во 2023 година кандидатот учествувал и во меѓународните научни активности на EURODATA и EGPRN, како коавтор на презентацијата „Студија EURODATA: Процес на вакцинација против COVID-19 и улогата на примарната здравствена заштита во 27 европски земји“, презентирана на 96-тиот состанок на EGPRN во Сплит, Хрватска. Дополнително, учествувал со апстракт од EURODATA Collaborative Group на 97-от состанок на EGPRN во Прага.На 2nd International Scientific Conference of Primary Care (ISCPC 2023) во Љубљана, Словенија, кандидатот учествувал со постер-презентацијата „Мултидисциплинарен пристап кон раното откривање и лекување на мултипен миелом“. Во истата година, на Конгресот по општа медицина во Златибор, Србија, била презентирана темата „Post COVID синдром – улога на семејниот лекар во рано препознавање – истражување“. На Симпозиумот „Новини во алергологија и клиничка имунологија“ во Дрим, Северна Македонија, кандидатот презентирал „Три начини за одвикнување од пушење кај пушачи независно од нивната мотивација за прекин на пушење“, а како коавтор учествувал во презентацијата „Алергиски ринитис и астма – интерпрофесионална грижа помеѓу пулмоалерголози, оториноларинголози и семејни лекари“.

Во 2024 година, кандидатот продолжил со активно учество на меѓународни и домашни научни собири. На Конгресот на семејна медицина ДНООМ во Загреб, Хрватска, ја презентирал темата „Итни ревматолошки состојби во семејната медицина – Како да постапиме?“. На Симпозиумот „Аптекарска здравствена заштита“ во Скопје учествувал со оралната презентација „Нефролошки и невролошки компликации кај пациентите со дијабетес – прикази на случаи“, а како коавтор со презентацијата „Современа терапија во водење на пациентите со дијабетес“. На Симпозиумот по општа

медицина во Златибор, Србија, ја презентирал темата „Дијагноза и третман на типична и атипична пневмонија – студија од клиничка пракса“.На Конгресот на Асоцијацијата на докторите на Југоисточна Европа во Будва, Црна Гора, кандидатот презентирал „Улогата на матичниот лекар во скринингот за хронична бубрежна болест кај пациенти со дијабетес тип 2“, а како коавтор учествувал во презентацијата „Карцином на дебело црево“. Во рамките на EGPRN, кандидатот учествувал како коавтор во трудот „Разбирање на дефинициите за долготраен (пост-)COVID низ Европа“, презентиран на 99-тиот EGPRN Meeting во Будимпешта.Во декември 2024 година, на European Family Medicine Conference – „East Meets West in Family Medicine“ во Темишвар, Романија, кандидатот ја презентирал темата „Пост COVID синдром – улогата на семејните лекари во неговото рано препознавање“. Во 2025 година, кандидатот продолжил со интензивна научна и стручна активност. На Конгресот на семејна медицина ДНООМ во Загреб, Хрватска, ја презентирал темата „Пореметување на столицата“. На Конгресот на семејна медицина на ЗЛОМ-СМ во Скопје учествувал со оралната презентација „Пријавување на несакани реакции на лекови од страна на семеен лекар“, а како коавтор во презентациите „Пушење цигари – ставови на учениците од деветто одделение“, „Алергиски ринит и астма – две страни на една медаља“ и „Влијанието на брачниот статус на гликорегулација кај пациентите со дијабетес во Македонија“.Во рамките на 100-тиот состанок на EGPRN во Гетеборг, Шведска, кандидатот учествувал како коавтор во научната презентација „Мапирање на пост-акутниот COVID-синдром во Европа: податоци и насоки во примарната здравствена заштита во 30 земји“.Во текот на 2025 година, кандидатот учествувал и на повеќе стручни собири во земјата и регионот. На Симпозиумот „Новини во алергологија и клиничка имунологија“ во Скопје ја презентирал темата „Дијагноза и третман на типични и атипични пневмонии – студија од клиничка пракса“, додека на Конгресот по општа медицина во Врњачка Бања, Србија, ја презентирал темата „Мултидисциплинарен пристап кон рано откривање и лекување на мултиплиот миелом“. На вирусолошкиот симпозиум „Средба на старите и новите вируси на раскрсница со времето“ во Скопје ја презентирал темата „Мајмунска треска – приказ на случај“.Во 2026 година, научно-стручната активност на кандидатот продолжува со учество на меѓународни конгреси и конференции. На Конгресот на семејна медицина ДНООМ во Загреб, Хрватска, ја презентирал темата „Насоки за срцева слабост – предизвици и можности за примена во семејната медицина“. На Конгресот на КОХОМ во Терме Тухељ, Хрватска, ја презентирал темата „Превенцијата како континуитет на здравствената грижа: семејната медицина во помалите здравствени системи. Додека на Меѓународниот конгрес на семејни лекари одржан во Златибор Србија ја презентирал темата за Дијабетична нефропатија и невропатија-прикази од праксата .

Општи услови за избор:

1. Д-р Драган Ѓорѓиевски е доктор на медицинските науки-Клиничка медицина од областа на семејна медицина, а неговиот научно-истражувачка работа е главно фокусирана на примарна здравствена заштита,

2. Д-р Драган Ѓорѓиевски има диплома за завршени докторски студии (доктор по медицински науки-клиничка медицина),

3. Има сертификат за владеење со англиски јазик,

4. Има препораки од двајца домашни и двајца странски професори.

5. Има остварен просечен успех на прв циклус (додипломски) студии од 8,56 завршена специјализација по семејна медицина и остварен просек на докторски студии од 9.85,

6. Има доставено сепарати од сите негови научно-истражувачки трудови во соодветната област (законскиот предуслов за избор во доцент се најмалку четири научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации)

Во овој извештај се евалуирани трудовите на д-р Драган Ѓорѓиевски публикувани во последните 5 години.

Научните трудови со кои д-р Драган Ѓорѓиевски ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен доцент се:

Бр.	Целосен библиографски податок	Списание	Година	DOI	Вид на труд	Авторски статус
1	Gjorgjievski D, Stavrikj K, Jordan R, Adab P, Stanoevski G, Stamenova A, Krstevska E, Simonovska S, Trpcheski F, Adams R, Easter C, Rai K, Cheng KK, Chi C, Cooper BG, Correia-de-Sousa J, Dickens AP, Enocson A, Gale N, Jolly K, Jowett S, Maglakelidze M, Maghlakelidze T, Martins S, Sitch A, Stelmach R, Turner A, Williams S, Farley A. Randomised controlled trial testing effectiveness of feedback about lung age or exhaled CO combined with very brief advice for smoking cessation compared to very brief advice alone in North Macedonia: findings from the Breathe Well group.	BMC Public Health	2023; 23:1887	10.1186/s12889-023-16644-1	Original scientific article – RCT	ПРВ АВТОР
2	Gomez-Bravo R, León-Herrera S, Guisado-Clavero M, et al., Gjorgjievski D, et al. Towards consensus: The need for standardised definitions in Long (post) COVID care in 34 European countries.	European Journal of General Practice	2025	10.1080/13814788.	Научен труд	Коавтор

Бр.	Целосен библиографски податок	Списание	Година	DOI	Вид на труд	Авторски статус
3	Astier Peña MP, Gómez Bravo R, Gefaell Larrondo I, et al., Gjorgjievski D, et al. Identifying essential COVID-19 indicators for primary healthcare through Delphi analysis in 31 European countries: Eurodata eDelphi study.	European Journal of Public Health	2025	10.1093/eurpub/ckaf051	Научен труд / Delphi study	Коавтор
4	Guisado-Clavero M, Gómez-Bravo R, Gefaell Larrondo I, et al., Gjorgjievski D, et al. Diverse roles of Primary Health Care in COVID-19 vaccination across 28 European countries – Insights from the Eurodata study.	European Journal of General Practice	2024	10.1080/13814788.2024.2409240	Научен труд	Коавтор
5	Gómez-Bravo R, Ares-Blanco S, Gefaell Larrondo I, et al., Gjorgjievski D, et al. The Use of COVID-19 Mobile Apps in Connecting Patients with Primary Healthcare in 30 Countries: Eurodata Study.	Healthcare	2024; 12(14):1420	10.3390/healthcare12141420	Научен труд	Коавтор
6	Ares-Blanco S, Guisado-Clavero M, Lygidakis C, et al., Gjorgjievski D, et al. Exploring the accessibility of primary health care data in Europe's COVID-19 response: developing key indicators for managing future pandemics (Eurodata study).	BMC Primary Care	2024; 25:221	10.1186/s12875-024-02413-5	Научен труд	Коавтор
7	Ares-Blanco S, Guisado-Clavero M, Ramos Del Rio L, et al., Gjorgjievski D, et al. Primary care indicators for disease burden, monitoring and surveillance of COVID-19 in 31 European countries: Eurodata Study.	European Journal of Public Health	2024; 34(2):402–410	10.1093/eurpub/ckad224	Научен труд	Коавтор
8	Guisado-Clavero M, Ares-Blanco S, Serafini A, et al., Gjorgjievski D, et al. The role of primary health care in long-term care facilities during the COVID-19 pandemic in 30 European countries: a retrospective descriptive study (Eurodata study).	Primary Health Care Research & Development	2023; 24:e60	10.1017/S1463423623000312	Ретроспективна дескриптивна студија	Коавтор

Бр.	Целосен библиографски податок	Списание	Година	DOI	Вид на труд	Авторски статус
9	Gefaell Larrondo I, Fitzgerald L, Adler L, Assenova R, Bakola M, Bayen S, Busneag IC, Domeyer PR, Gjorgjievski D, et al. Clinical pathway of COVID-19 patients in primary health care in 30 European countries: Eurodata study.	European Journal of General Practice	2023	10.1080/ 13814788 .2023 .2182879	Научен труд	Коавтор
10	Risteska-Nejashmikj V, Gjorgjievski D. Acute Bronchiolitis and Other Predictors for Early Diagnosis of Childhood Asthma.	South East European Journal of Immunology	2023; 6(1):87–91	10.3889 /seejim .2023.6049	Научен труд	Втор автор
11	Where is Primary Health Care (PHC) open data during COVID-19 pandemic in Europe? A mixed-methods study protocol to build a European PHC indicators dashboard for future pandemics.	Research Square – Preprint	2023	10.21203 /rs.3.rs -3510905 /v1	Preprint / Study protocol	Коавтор*

Посебни услови:

Во текот на професионалната и академската кариера, кандидатот активно учествува во научноистражувачка и стручна дејност, со континуирано презентирање на резултати од истражувања, клинички прикази, стручни анализи и теми од областа на општата и семејната медицина, примарната здравствена заштита, респираторната медицина, превентивната медицина, хроничните незаразни заболувања и актуелните јавно-здравствени предизвици. Во периодот од 2016 до 2026 година, кандидатот има учествувано со бројни орални и постер-презентации на домашни и меѓународни конгреси, конференции, симпозиуми и научни состаноци. Како ментор и едукатор во Центарот за семејна медицина на доктори на доедукација дава допринос во следење и фацилитирање на напредокот на специјализантите и активно учествува во спроведување на практичниот дел од специјалистичкиот испит по семејна медицина. Тој е изработувач на модулот за за Одвикнување од пушење.Активно бил вклучен во научноистражувачката работа на Центарот за семејна медицина.Од почетокот на 2017 година бил еден од истражувачите на меѓународниот проект за одвикнување од пушење ,,Breath well" предводен од Центарот за семејна медицина и Универзитетот од Бирмингам Велика Британија а подржан од IPCRG. Овој истражувачки проект е дел од мултицентрична студија која се работи под надзор и во соработка со Institute of translational medicine of Birmingham. Во периодот од 2022 до 2026 година бил вклучен во Меѓународен проект TRANSSIMED -Едукација на животозагрозувачки состојби преку симулација предводен од Центарот за семејна медицина во соработка со Здравствениот дом Љубљана . Д-р Драган Ѓорѓиевски е сертифициран напреден едукатор обучен за животозагрозувачки состојби.

Комисијата констатира дека кандидатот континуирано се усовршува во областа на семејната медицина и примарната здравствена заштита и активно учествува во едукативни активности наменети за здравствените работници. Во 2020 година кандидатот ја завршил **„Обука за едукатор – Леонардо 1“**, организирана од ЕУРАКТ и Центарот за семејна медицина, а во 2022 година ја продолжил едукацијата со **„Обука за едукатор – Леонардо 2“**, во организација на ЕУРАКТ и Центарот за семејна медицина.

Наставно- образовна и научноистражувачка дејност

Д-р Драган Ѓорѓиевски бил вклучен како ментор и едукатор во рамките на доедукација на специјалистичките студии по семејна медицина почнувајќи од 2020 ***година се до денес.***

Од доставените биографски и библиографски податоци на д-р Драган Ѓорѓиевски очигледно е дека тој учествувала активно на голем број на обуки и работилници од подрачјето на семејната медицина и се стекнал со неопходно искуство за примена на здобиените практични знаења.

Д-р Драган Ѓорѓиевски учествувал на голем број на работилници,симпозиуми и конференции и други научни манифестации од полето на семејната медицина со орални и постер презентации на своите трудови пред интернационален научен одбор.

Учествувал во 5 ***истражувачки студии/проекти: 1. Проект за употреба на антибиотици за акутни респираторни инфекции во соработка со*** IPCRG (International Primary Care Respiratory Group), 2. Проект за пушење (Well Breath) во соработка со Institute of translational medicine of Birmingham 3. Проект за едукација преку симулација во Примарна здравствена заштита TRANSSIMED во соработка со Здравствен дом Љубљана , Словенија 4. Рано откривање на деменции во ПЗЗ, Центар за семејна медицина 5. Црвен аларм за женското здравје во соработка со Клиниката за Кардиологија Скопје

Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на д-р Драган Ѓорѓиевски (публикувани во последните 5 години)

Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија

1. **Gjorgjievski D**, Stavrikj K, Jordan R, Adab P, Stanoevski G, Stamenova A, Krstevska E, Simonovska S, Trpcheski F, Adams R, Easter C, Rai K, Cheng KK, Chi C, Cooper BG, Correia-de-Sousa J, Dickens AP, Enocson A, Gale N, Jolly K, Jowett S, Maglakelidze M, Maghlakelidze T, Martins S, Sitch A, Stelmach R, Turner A, Williams S, Farley A. **Randomised controlled trial testing effectiveness of feedback about lung age or exhaled CO combined with very brief advice for smoking cessation compared to very brief advice alone in North Macedonia: findings from the Breathe Well group ,***BMC Public Health,* 2023; 23:1887

Целта на трудот била да се испита ефективноста на повратната информација за „возраста на белите дробови“ или нивото на издишан CO, во комбинација со многу краток совет за откажување од пушење, во споредба со само краток совет. Студијата е рандомизирана контролирана студија спроведена во примарната здравствена заштита во Северна Македонија, со 1.368 испитаници.Трудот е објавен во меѓународното научно списание *BMC Public Health* во 2023 година (Vol. 23, Article 1887; DOI: 10.1186/s12889-023-16644-1). Списанието има Journal Impact Factor **3,5** за 2023 година.

2. Risteska-Nejashmikj V, **Gjorgjievski D**. **Acute Bronchiolitis and Other Predictors for Early Diagnosis of Childhood Asthma** *South East European Journal of Immunology*2023; 6(1):87–91

Трудот има за цел да ги идентификува акутниот бронхиолитис и други предиктори кои можат да помогнат во раното препознавање и дијагностицирање на астмата во детската возраст. Особено внимание е посветено на факторите кои овозможуваат навремено препознавање на децата со зголемен ризик за развој на астма.Трудот е објавен во *South East European Journal of Immunology* во 2023 година, Vol. 6(1), стр. 87–91. Д-р Драган Ѓорѓиевски е **втор автор**.

3. Gomez-Bravo R, León-Herrera S, Guisado-Clavero M, et al., **Gjorgjievski D**, et al. **Towards consensus: The need for standardised definitions in Long (post) COVID care in 34 European countries.***European Journal of General Practice* 2025

Цел на трудот: Да се анализираат дефинициите и критериумите што се користат за Long COVID во 34 европски земји и да се утврди потребата од стандардизирана дефиниција, со цел подобрување на дијагностиката, следењето и грижата за пациентите во примарната здравствена заштита. Трудот е објавен во *European Journal of General Practice*, 2025; 31(1):2535618, со DOI 10.1080/13814788.2025.2535618. Списанието е индексирано во **Web of Science – Science Citation Index Expanded (SCIE)** и **Scopus**. Во достапните библиографски податоци е наведен **Impact Factor 2,7** и **Q2** категорија за 2025 година.

4. Astier Peña MP, Gómez Bravo R, Gefaell Larrondo I, et al., **Gjorgjievski D**, et al. **Identifying essential COVID-19 indicators for primary healthcare through Delphi analysis in 31 European countries: Eurodata eDelphi study.***European Journal of Public Health , 2025*

Целта на студијата била, преку Delphi методологија, да се постигне европски консензус за идентификување на најважните индикатори за COVID-19 во примарната здравствена заштита, со цел подобро следење на влијанието на пандемијата, споредливост на податоците и унапредување на подготвеноста на примарната здравствена заштита за идни здравствени кризи. Трудот е објавен во *European Journal of Public Health*, 2025; 35(5):1026–1035, списание индексирано во **Web of Science и Scopus**, со достапност во **PubMed/MEDLINE**. Journal Impact Factor на списанието изнесува **5,2**.

5. Guisado-Clavero M, Gómez-Bravo R, Gefaell Larrondo I, et al., **Gjorgjievski D**, et al. **Diverse roles of Primary Health Care in COVID-19 vaccination across 28 European countries – Insights from the Eurodata study,***European Journal of General Practice,2024*

Целта на студијата била да се анализира улогата на примарната здравствена заштита во спроведувањето на вакцинацијата против COVID-19 во 28 европски земји, особено во однос на аплицирањето на вакцините, комуникацијата со населението и придонесот кон зголемување на опфатот со вакцинација. Студијата ги споредува организацијата и начините на спроведување на вакцинацијата во различни европски здравствени системи. Трудот е објавен во *European Journal of General Practice*, Volume 30, Issue 1, во 2024 година, со DOI **10.1080/13814788.2024.2409240**. Списанието е меѓународно научно списание индексирано во **Web of Science и Scopus**, а трудот е достапен и во **PubMed/MEDLINE**.

6. Gómez-Bravo R, Ares-Blanco S, Gefaell Larrondo I, et al., **Gjorgjievski D**, et al. **The Use of COVID-19 Mobile Apps in Connecting Patients with Primary Healthcare in 30 Countries: Eurodata Study.**

Gómez-Bravo R, Ares-Blanco S, Gefaell Larrondo I, et al., Gjorgjievski D, et al. *The Use of COVID-19 Mobile Apps in Connecting Patients with Primary Healthcare in 30 Countries: Eurodata Study.* Healthcare. 2024;12(14):1420. DOI: 10.3390/healthcare12141420.

Целта на студијата била да се анализира употребата на мобилните апликации поврзани со COVID-19 во 30 европски земји и да се утврди во која мера тие овозможувале поврзување на пациентите со примарната здравствена заштита, како и начинот на користење на апликациите за дигиталниот COVID-19 сертификат. Студијата покажала дека примарната здравствена заштита била прва точка на контакт за пациенти со сомнеж за COVID-19 во 28 земји, додека 24 земји развиле апликации за дополнување на класичната здравствена грижа. Во Северна Македонија постоела интероперабилност помеѓу COVID-19 апликациите и примарната здравствена заштита. Трудот е објавен во меѓународното научно списание *Healthcare*, 2024; 12(14):1420, на 16 јули 2024 година. Списанието е индексирано во **PubMed/MEDLINE, Scopus и Web of Science**.

7. Ares-Blanco S, Guisado-Clavero M, Lygidakis C, et al., **Gjorgjievski D**, et al. **Exploring the accessibility of primary health care data in Europe's COVID-19 response: developing key indicators for managing future pandemics (Eurodata study).***BMC Primary Care* 2024; 25:221

Целта на студијата била да се анализира достапноста и употребата на податоците од примарната здравствена заштита во одговорот на пандемијата COVID-19 во Европа и да се развијат стандардизирани индикатори за следење на активностите на примарната здравствена заштита, со цел подобра организација и подготвеност на здравствените системи за идни пандемии. Трудот е објавен на 20 јуни 2024 година во *BMC Primary Care*, Vol. 25, Article 221. Станува збор за **Study Protocol**, објавен како Open Access, и е индексиран во **PubMed/MEDLINE и Scopus**. Студијата претставува меѓународен Eurodata проект со истражувачи од повеќе европски земји, насочен кон развивање европски систем на индикатори и план за примарната здравствена заштита при идни пандемии. Д-р Драган Ѓорѓиевски е коавтор на трудот.

8. Ares-Blanco S, Guisado-Clavero M, Ramos Del Rio L, et al., **Gjorgjievski D**, et al. **Primary care indicators for disease burden, monitoring and surveillance of COVID-19 in 31 European countries: Eurodata Study.***European Journal of Public Health,* 2024; 34(2):402–410

Целта на студијата била да се идентификуваат и анализираат индикаторите што се користеле во примарната здравствена заштита за следење на COVID-19, оптовареноста на примарната здравствена заштита и епидемиолошкиот надзор во 31 европска земја. Студијата ја испитувала и достапноста на овие податоци како основа за подобар одговор на здравствените системи при идни пандемии. Трудот е објавен во *European Journal of Public Health*, Volume 34, Issue 2, април 2024 година, на страниците 402–410. Списанието е меѓународно научно списание индексирано во **Web of Science и Scopus**, а трудот е индексиран и во **PubMed/MEDLINE.** Истражувањето опфатило 31 европска земја и покажало значителна нееднаквост во начинот на

собирање и достапноста на податоците од примарната здравствена заштита. Авторите укажуваат на потребата од **стандардизиран сет на индикатори за примарната здравствена заштита** за подобар мониторинг и поефикасна подготовка за идни пандемии.

9. Guisado-Clavero M, Ares-Blanco S, Serafini A, et al., **Gjorgjievski D**, et al. **The role of primary health care in long-term care facilities during the COVID-19 pandemic in 30 European countries: a retrospective descriptive study (Eurodata study).***Primary Health Care Research & Development* 2023; 24:e60

Целта на студијата била да се анализира и опише улогата на примарната здравствена заштита во установите за долготрајна нега во текот на раната фаза од пандемијата COVID-19 во 30 европски земји, особено во однос на дијагностиката, тестирањето, следењето и лекувањето на пациентите. Студијата покажала дека примарната здравствена заштита била вклучена во грижата за пациентите со COVID-19 во установите за долготрајна нега во 26 од 30 земји, со значајна улога во почетната медицинска проценка, тестирањето и следењето на симптомите. Авторите ја нагласуваат потребата установите за долготрајна нега да бидат интегрирани во националните стратегии за пандемиски одговор. Трудот е објавен во *Primary Health Care Research & Development*, 2023;24, списание на Cambridge University Press. Списанието е индексирано во **Web of Science – Science Citation Index Expanded (SCIE), Scopus, MEDLINE, CINAHL и PsycINFO**.

10. Gefaell Larrondo I, Fitzgerald L, Adler L, Assenova R, Bakola M, Bayen S, Busneag IC, Domeyer PR, **Gjorgjievski D**, et al. **Clinical pathway of COVID-19 patients in primary health care in 30 European countries: Eurodata study.** *European Journal of General Practice,2023*

Целта на студијата била да се прикаже обемот на работата на примарната здравствена заштита за време на пандемијата COVID-19, со посебен фокус на сличностите и разликите во клиничкиот пат на пациентите во 30 европски земји.Студијата покажа дека примарната здравствена заштита била вклучена во речиси сите фази на грижата за пациентите – од откривање и тестирање, преку иницијална медицинска проценка и лекување, до следење и издавање боледувања. Истовремено, биле утврдени значајни разлики меѓу европските земји во достапноста на прегледи, дополнителни дијагностички процедури и терапија. Трудот е објавен во *European Journal of General Practice*, 2023;29(2), како **Original Research Article**, со број на труд 2182879. Списанието е меѓународно научно списание, а трудот е достапен во **PubMed/MEDLINE** и **Scopus**.

11. *Where is Primary Health Care (PHC) open data during COVID-19 pandemic in Europe? A mixed-methods study protocol to build a European PHC indicators dashboard for future pandemics,Research Square – Preprint, 2023*

Ares-Blanco S, Guisado-Clavero M, Lygidakis C, et al. *Where is Primary Health Care (PHC) open data during COVID-19 pandemic in Europe? A mixed-methods study protocol to build a European PHC indicators dashboard for future pandemics.* **Research Square – Preprint.** 2023. DOI: 10.21203/rs.3.rs-3510905/v1.

Целта на студијата била да се анализира достапноста на официјалните податоци за активностите на примарната здравствена заштита за време на пандемијата COVID-19 во Европа и да се развие заеднички европски сет на индикатори за примарната здравствена заштита, како и план за одговор при

идни пандемии.Проектот го поставил концептот за европски „dashboard“ на индикатори за примарната здравствена заштита, со цел подобро следење на нејзината активност, подобра координација со секундарната здравствена заштита и јавното здравје и подобро планирање на одговорот при идни пандемии.Трудот е објавен во **Research Square како preprint во 2023 година**, со DOI **10.21203/rs.3.rs-3510905/v1**. Како preprint, претставува научен труд во рана фаза и **не бил подложен на стандардна peer-review постапка во моментот на објавување**.

Објавени трудови и апстракти во зборници на меѓународни конгреси и конференции

I. Трудови и апстракти објавени во зборници од меѓународни научни собири

Во периодот од 2017 до 2026 година, кандидатот континуирано учествува со научни трудови и презентации на меѓународни конгреси, конференции и состаноци на релевантни европски и меѓународни професионални здруженија, вклучително IPCRG, EGPRN и WONCA Europe.

1. **„When should we think about infections with M. pneumoniae?“** – орална презентација, IPCRG Congress, Љубљана, Словенија, 2017.
2. **„Effectiveness of different models of smoking cessation advice for improving quit rates in Macedonia: a randomized controlled trial“** – коавтор, орална презентација, IPCRG Congress, Порто, Португалија, 2018
3. **„M. pneumoniae – приказ на случај“** – орална презентација, Конгрес на семејни лекари, Загреб, Хрватска, 2019.
4. **„Најчести причинители на пневмонија во Република Северна Македонија – мала студија“** – орална презентација, Конгрес на семејни лекари на Југоисточна Европа, Едрене, Турција, 2019.
5. **„Пронаоѓање на нови начини за одвикнување од пушење“** – постер-презентација, IPCRG Congress, Даблин, Ирска, 2021.
6. **„Фактори поврзани со претходни обиди за откажување и мотивација за откажување кај пациенти во примарната здравствена заштита кои моментално пушат во Македонија: студија Breathe Well“** – коавтор, орална презентација, IPCRG Congress, Даблин, Ирска, 2021.
7. **„Можности за спроведување интервенции за откажување од пушење во примарната здравствена заштита: студија Breathe Well“** – коавтор, орална презентација, IPCRG Congress, Даблин, Ирска, 2021.
8. **„EURODATA: Acute clinical pathway for vaccinated patients with COVID-19 in Europe“** – коавтор, конференциски труд, 27th WONCA Europe Conference, Лондон, Обединето Кралство, 2022.
9. **Indicators to monitor primary care activity during the COVID-19 pandemic in 27 European countries: EURODATA study“** – коавтор, 95th EGPRN Meeting, Антверпен, Белгија, 2022
10. **„Варичела или мајмунски сипаници – приказ на случај“** – орална презентација, Конгрес на семејна медицина, Загреб, Хрватска, 2023.
11. **„Студија EURODATA: Процес на вакцинација против COVID-19 и улогата на примарната здравствена заштита во 27 европски земји“** – коавтор, орална презентација, 96th EGPRN Meeting, Сплит, Хрватска, 2023.

12. **„Мултидисциплинарен пристап кон раното откривање и лекување на мултипен миелом“** – постер-презентација, 2nd International Scientific Conference of Primary Care, Љубљана, Словенија, 2023.

13. **„Итни ревматолошки состојби во семејната медицина – како да постапиме?“** – орална презентација, Конгрес на семејна медицина ДНООМ, Загреб, Хрватска, 2024.

14. **„Улогата на матичниот лекар во скринингот за хронична бубрежна болест кај пациенти со дијабетес тип 2“** – орална презентација, Конгрес на Асоцијацијата на докторите на Југоисточна Европа, Будва, Црна Гора, 2024.

15. **„Карцином на дебело црево“** – коавтор, орална презентација, Конгрес на Асоцијацијата на докторите на Југоисточна Европа, Будва, Црна Гора, 2024.

16. **„Разбирање на дефинициите за долготраен (пост-)COVID низ Европа“** – коавтор, 99th EGPRN Meeting, Будимпешта, Унгарија, 2024.

17. **„Пост-COVID синдром – улогата на семејните лекари во неговото рано препознавање“** – орална презентација, European Family Medicine Conference – East Meets West in Family Medicine, Темишвар, Романија, 2024.

18. **„Пореметување на столицата“** – орална презентација, Конгрес на семејна медицина ДНООМ, Загреб, Хрватска, 2025.

19. **„Мапирање на пост-акутниот COVID-синдром во Европа: податоци и насоки во примарната здравствена заштита во 30 земји“** – коавтор, 100th EGPRN Meeting, Гетеборг, Шведска, 2025.

20. **„Мултидисциплинарен пристап кон рано откривање и лекување на мултиплиот миелом“** – орална презентација, Конгрес по општа медицина, Врњачка Бања, Србија, 2025.

21. **„Насоки за срцева слабост – предизвици и можности за примена во семејната медицина“** – орална презентација, Конгрес на семејна медицина ДНООМ, Загреб, Хрватска, 2026.

22. **„Превенцијата како континуитет на здравствената грижа: семејната медицина во помалите здравствени системи“** – орална презентација, Конгрес на КОХОМ, Терме Тухељ, Хрватска, 2026.

23. **„Улогата на семејниот доктор во промоција на вакцинација и нејзино значење“** – орална презентација, Форум на Асоцијацијата на Југоисточна Европа, Охрид, 2026.

24. **„Мајмунски сипаници – приказ на случај“** – орална презентација, WONCA Conference, Париз, Франција, 2026.

25. **„Организација и финансирање на примарната здравствена заштита“** – орална работилница, WONCA Conference, Париз, Франција, 2026.

II. Трудови и апстракти објавени во зборници од национални научни и стручни собири

1. „Издадени боледувања – измени во законските одредби за намалување на санкциите на избран лекар“ – коавтор, постер-презентација, 4-ти Конгрес на лекари по општа/семејна медицина на Република Македонија со меѓународно учество, Скопје, 2016.

2. **„Улогата на семејниот лекар во рано препознавање на деменции“** – орална презентација, Симпозиум на ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2017.

3. „Научните истражувања за респираторни заболувања во примарната здравствена заштита и нивното влијание во подобрување на грижата на пациентите“ – орална презентација, Конгрес на Македонско лекарско друштво, 2020.

4. **„Упатства за скрининг, дијагностика и водење на артериска хипертензија во примарна здравствена заштита“** – коавтор, орална презентација, Конгрес на ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2023.

5. **„Лимфом – како правилно и навремено да се препознае од страна на семејниот лекар за негов подобар исход“** – коавтор, орална презентација, Конгрес на ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2023.

6. „Ефективноста на комбинирање на повратни информации за старост на белите дробови или издишаниот јаглероден моноксид со многу краток совет и поддршка за престанок на пушење во ПЗЗ во споредба со многу краток совет“ – орална презентација, Конгрес на ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2023.

7. **„Обезноста како проблем и превенирање на истата од страна на семејниот лекар – претставување на студија“** – коавтор, орална презентација, Конгрес на ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2023.

8 **„Невроваскуларни пост-COVID компликации“** – коавтор, орална презентација, Конгрес на ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2023.

9. **„Предиктори на гликемиска контрола на пациентите со дијабетес во Северна Македонија – резултати од лонгитудинално, проспективно, кохортно, мултицентрично истражување“** – коавтор, орална презентација, Конгрес на ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2023.

10. „Post-COVID синдром – улога на семејниот лекар во рано препознавање – истражување“ – орална презентација, Конгрес по општа медицина, 2023.

11. **„Три начини за одвикнување од пушење кај пушачи независно од нивната мотивација за прекин на пушење“** – орална презентација, Симпозиум „Новини во алергологија и клиничка имунологија“, 2023.

12. **„Алергиски ринитис и астма – интерпрофесионална грижа помеѓу пулмоалерголози, оториноларинголози и семејни лекари“** – коавтор, орална презентација, истиот симпозиум, 2023.

13. „Нефролошки и невролошки компликации кај пациентите со дијабетес – прикази на случаи“ – орална презентација, Симпозиум на аптекарска здравствена заштита, Скопје, 2024.

14. „Современа терапија во водење на пациентите со дијабетес“ – коавтор, орална презентација, Симпозиум на аптекарска здравствена заштита, Скопје, 2024.

15. „Дијагноза и третман на типична и атипична пневмонија – студија од клиничка пракса“ – орална презентација, Симпозиум по општа медицина, 2024.

16. „Пријавување на несакани реакции на лекови од страна на семеен лекар“ – орална презентација, Конгрес на семејна медицина ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2025.

17. „Пушење цигари – ставови на учениците од деветто одделение“ – коавтор, орална презентација, Конгрес на семејна медицина ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2025.

18. „Алергиски ринитис и астма – две страни на една медаља“ – коавтор, орална презентација, Конгрес на семејна медицина ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2025.

19. „Влијанието на брачниот статус на гликорегулацијата кај пациентите со дијабетес во Македонија“ – коавтор, орална презентација, Конгрес на семејна медицина ЗЛОМ-СМ, Скопје, 2025.

20. „Дијагноза и третман на типични и атипични пневмонии – студија од клиничка пракса“ – орална презентација, Симпозиум „Новини во алергологија и клиничка имунологија“, Скопје, 2025.

21. „Мајмунска треска – приказ на случај“ – орална презентација, Вирусолошки симпозиум „Средба на старите и новите вируси на раскрсница со времето“, Скопје, 2025чна и едукативна активност

Посебно значење во научната и стручната активност има учеството на **WONCA Europe Conference во Париз, Франција, 2026 година**, каде кандидатот учествува со орална презентација и со работилница на тема **„Организација и финансирање на примарната здравствена заштита“**. Темата е директно поврзана со актуелните реформи, организацијата и финансирањето на примарната здравствена заштита и претставува значаен придонес кон размена на искуства и знаења во областа на семејната медицина и примарната здравствена заштита.

Континуираната активност во периодот **2016–2026 година** опфаќа учество на национални и меѓународни конгреси, конференции, стручни симпозиуми и научни состаноци, со орални презентации, постер-презентации, коавторски трудови и работилници. Тематски, научната активност е насочена кон примарната здравствена заштита и семејната медицина, респираторните заболувања и откажувањето од пушење, хроничните незаразни заболувања, дијабетесот, онколошките и ревматолошките состојби, како и организацијата, следењето и реформите во примарната здравствена заштита, особено во контекст на пандемијата COVID-19.

Стручно – апликативна и организационо-развојна дејност

Комисијата констатира дека кандидатот континуирано се усовршува во областа на семејната медицина и примарната здравствена заштита и активно учествува во едукативни активности наменети за здравствените работници. Во 2020 година кандидатот ја завршил **„Обука за едукатор – Леонардо 1“**, организирана од ЕУРАКТ и Центарот за семејна медицина, а во 2022 година ја продолжил едукацијата со **„Обука за едукатор – Леонардо 2“**, во организација на ЕУРАКТ и Центарот за семејна медицина.Во периодот од **2020 до 2021 година**, кандидатот учествувал во **„Дијабет Академија“**, организирана од Здружението на ендокринолози и дијабетолози на Република Северна Македонија и Центарот за семејна медицина. Во 2021 година учествувал на обуката за матични лекари **„Комуникација со пациенти во врска со вакцинација против COVID-19“**, реализирана под покровителство на Светската здравствена организација (СЗО). Во 2023 година учествувал и во **обуката за медицински тимови во примарната здравствена заштита во Република Северна Македонија за „Протоколи за водење на хронични незаразни болести“**, под покровителство на СЗО.

Комисијата особено го издвојува **активното учество на кандидатот во едукаторски активности** во областа на примарната здравствена заштита. Во текот на **2024 и 2025 година**, кандидатот бил ангажиран како **едукатор во работилници за дијабетес во примарната здравствена заштита**, во рамките на Центарот за семејна медицина. Во **2025 година** бил ангажиран и како **едукатор во работилници за одвикнување од пушење**, исто така во рамките на Центарот за семејна медицина.

Врз основа на наведените активности, Комисијата констатира дека кандидатот покажува **континуиран интерес за стручно и професионално усовршување**, како и развиен ангажман во **едукацијата на здравствените работници во примарната здравствена заштита**. Посебно значење има неговото искуство во едукаторски активности од областа на дијабетесот и превенцијата и третманот на зависноста од тутун, кои претставуваат значајни сегменти од современата семејна медицина.Кандидатот континуирано е вклучен во работата на домашни и меѓународни професионални организации, со особено значајна активност во областа на општата и семејната медицина. Неговото учество опфаќа раководни функции, претставување на Северна Македонија во релевантни европски и меѓународни организации, како и организација и раководење со научно-стручни конгреси и симпозиуми.

Од 2017 година до денес е член на **Управниот одбор на Здружението на лекари по општа и семејна медицина на Северна Македонија (ЗЛОМ-СМ)**, а од март 2022 година ја извршува функцијата **Претседател на ЗЛОМ-СМ**, во втор последователен мандат. Во ова својство активно учествува во застапувањето и унапредувањето на интересите на лекарите по општа и семејна медицина, развојот на примарната здравствена заштита и унапредувањето на професионалниот и научно-стручниот развој на лекарите.

Од јуни 2024 година е **делегат на Северна Македонија во Европската унија на семејни лекари (UEMO)**, а од 1 јануари 2025 година ја извршува функцијата **Потпретседател на UEMO**. Преку оваа функција учествува во европските активности поврзани со развојот на семејната медицина, примарната здравствена заштита и професионалните стандарди за семејните лекари.

Во периодот од 2021 до 2025 година бил **делегат на Северна Македонија во Европското здружение на млади лекари**, со активно учество во меѓународната професионална соработка и активности насочени кон развојот на младите лекари.

Како Претседател на ЗЛОМ-СМ, ја претставува Северна Македонија во **Светската организација на семејни лекари (WONCA)**, како и во **Асоцијацијата на лекарите по општа и семејна медицина на Југоисточна Европа**, придонесувајќи кон меѓународната професионална соработка и афирмација на семејната медицина од Северна Македонија.

Во рамките на меѓународната активност, во периодот од **30 јуни до 3 јули 2026 година** бил ангажиран како **член на Советодавниот одбор на WONCA конференцијата**, со што продолжува неговиот активен придонес во меѓународните професионални структури на семејната медицина.

Во областа на организацијата и раководењето со научно-стручни настани, бил **Претседател на Научниот одбор на Конгресите на ЗЛОМ-СМ во 2023 и 2025 година**, како и **Претседател на Научниот одбор на Симпозиумот на ЗЛОМ-СМ во 2026 година**. Во овие ангажмани учествува во креирањето

на научната програма, селекцијата и координацијата на стручните содржини и организацијата на научно-стручната работа.

Наведените активности укажуваат на континуиран ангажман во **раководењето со професионални организации, националното и меѓународното претставување, развојот на семејната медицина и организацијата на научно-стручни активности**, со значаен придонес кон афирмацијата на примарната здравствена заштита и семејната медицина на национално и меѓународно ниво.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на приложените документи, како и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Драган Ѓорѓиевски има голем придонес во наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност. Согласно со претходно изнесеното, како и во согласност со Законот за високо образование И

Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да го избере д-р Драган Ѓорѓиевски во звање насловен доцент за наставно-научната област Семејна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф д-р Валентина Ристеска -Нејашмиќ,
насловен вондреден професор, претседател

Доц.д-р Лидија Ветеровска Миљковиќ, насловен доцент, член

Проф д-р Катерина Ставриќ, редовен професор

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

Р. бр.	Наставно-образовна дејност	Поени				
		Во земјата		Во странство		Вкупно
		број	поени	број	поени	
	ВКУПНО					
Р. бр.	**Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности**	**Поени**				
		Во земјата		**Во странство**		**Вкупно**
		број	**поени**	**број**	**поени**	
3	Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) труд 15/10/5 Прв автор труд бр.1 Останат автор труд бр. 3,4,5,6,7,8,9,10	1x15=15 8 x5=40				**55**
4	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) 9/6/3 Втор автор Труд бр. 2	1x6=6	6			6
5	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир Труд под ред. бр. 8,9,11,16 во странство			4x3=12	12	12
	Апстракт објавен во зборник на конференција -меѓународна во странство Ред. бр: 10,12,13,14,15,17,18,19,20,21,22,23,24,25 14x1=14 бода			14	1	14
	Апстракти објавени во зборник на национални конгреси -домашни 4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21 18x0,5=9 бода	18	0,5			9
10	Одбранета докторска дисертација	1	8			8
11	Одбранет постдокторски труд или одбранета специјализација	1	6			6
14	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) Меѓународен 2x5 Домашен 1x3	1	3	2x5=10	10	13
15	Секциско предавање на научен собир 1.Мигрена повеќе од главоболка Скопје 2024 2.Мигрена повеќе од главоболка -Охрид 2025 3.Жените од Марс Мажите од Венера-Скопје 2024 4.Ослободете се од дилемите во хипертензијата Тетово 2025 5.Ослободете се од дилемите во хипертензијаСкопје 2025 6.Патот на пациентот со лимфом: Премостување на јазот меѓу европските препораки и локалните предизвици Скопје 2026 7.Миелом и лимфом Скопје 2024 8.Антибиотска резистенција -Меѓународно предавање 2023,2025 9. Време е за акција-Менаџмент на кардиоваскуларниот ризик Скопје 2026 10.Синузитис, алергии и мигрена. Што е заедничко-Скопје 2025	10	1	2	2	14

23	Студиски престој во странство			1	8	8
	ВКУПНО					**145**
Р. бр.	**Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност**	**Поени**				
		Во земјата		**Во странство**		
		број	**поени**	**број**	**поени**	**Вкупно**
	Стручно апликативна работа во Центарот за семејна медицина како ментор и едукатор - 3x4= 12	3	4			**12**
	Техничко унапредување Специјалист по семејна медицина Испитувач на клинички вештини на специјалистички испит за доедукација на матични лекари Акредитиран испитувач е за спроведување на стручниот испит на здравствените работници со високо образование за добивање на лиценца за работа при Лекарската комора на Македонија. Напреден едукатор за едукација со симулација					**8**
	Изготвување на извештаи од работата како ментор во семејна медицина					**4**
	Уредник на зборник на трудови од научен/ стручен собир 2023,2025,2026 3x1= 3 бода	3	1			**3**
	Претседател на научен одбор на конгрес/ симпозиум 2023,2025,2026 3x1=3	3	1			**3**
	Раководител и основач на ПЗУ Д-Р ДРАГАН ЃОРЃИЕВСКИ-Скопје	1	3			**3**
	Претседател на Здружение на лекари по општа-семејна медицина (ЗЛОМ-СМ) во два мандати 2x2	2	2			**4**
	Член на Управен Одбор на ЗЛОМ СМ	3	0,3			**0,9**
	Членство во извршно тело на меѓународна организација-Потпретседател на УЕМО			1	2	**2**
	Добиена Плакета од МЛД	1	5			**5**
	ВКУПНО					**44.9**
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ					**189.9**